**НАЦРТ**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за економија |
| Назив на предлогот на закон: | Нацрт Закон за изменување и доплнување на Законот за енергетска ефикасност (*) |
| Одговорно лице и контакт информации: | Исмаил Лума и Валентина Старделова<br>Ismail.luma@economy.gov.mk<br>Valentina.stardelova@economy.gov.mk |
| Вид на Извештај | нацрт |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | -Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>-НПАА |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Во овој закон се транспонираат одредбите од Директивата 2018/2002 со која се изменува Директивата 2012/27/EU за енергетска ефикасност, Регулативата 2018/1999/EU за управување со енергетската унија и климатска акција, како што се усвоени и изменети од Министерскиот совет на Енергетската заедница) и Директивата 2009/33/EU за промоција на чисти и енергетски ефикасни возила за патен транспорт. |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 02.10.2023 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 02.10.2023 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1. Опис на состојбите

- Министерството за економија е одговорно за политиките за енергетската ефикасност и промоција на енергетската ефикасност
- Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги е одговорна за донесување правилници и методологии за формирање на цени и тарифи за регулирани енергетски дејности
- Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги е одговорна за донесување на Правила за снабдување со топлинска енергија
- Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги е одговорна за донесување на тарифни системи за пренос и дистрибуција на енергија и за услугите што ги обезбедуваат операторите на пазарите на енергија, како и за продажба на електрична енергија од универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај
- Агенцијата за енергетика е одговорна за спроведување на политиката на енергетска ефикасност.

Материјата за енергетска ефикасност во овој момент е регулирана со закон, подзаконски акти и Акциони планови за енергетска ефикасност и тоа:
-Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на РСМ" 32/20, 110/21 и 236/22);
-Законот за градење;
-Закон за домување;
-Четвртиот Акционен план за енергетска ефикосност за перодот од 2019 до 2022 година (во натамошниот текст (НЕЕАП), усвоен од Владата во 2021 година;
-Националниот план за енергија и клима, усвоен од Владата во мај 2022 година;
-Правилникот за енергетска контрола;
-Правилникот за енергетски карактеристики на зградите;
-Програма за обука и полагање испити за енергетските контролори ;
-Програма за усовршување на енергетски контролори;
-Програма за полагање на стручен испит за енергетски контролор;
-Правилник за максималната висина на надоместокот за издавање на потврда со која се потврдува дека минималните барања за енергетска ефикасност кои се содржани во основниот проект се во согласност со минималните барања за енергетска ефикасност како и за максималната висина на надоместокот за издавање на сертификат за енергетските карактеристики на зграда;
-Тарифник за максималната цена за реализирање на енергетски контроли,
-Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и други ресурси на производи што користат енергија, и
-Уредбата за еко дизајн.

Република Северна Македонија (РСМ) е држава потписник на Договорот за основање на Енергетската заедница со кој се преземени бројни обврски, меѓу другото и за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ.

Постоечкото законодавство не е усогласено со Директивата за енергетска ефикасност (2018/2002), со оглед на нејзиното усвојување од страна на Министерскиот совет на Енергетската Заедница преку Одлуката бр. 2021/14/MC-EnC (од 30.11.2021 година) и Одлуката бр. 2022/02/MC-EnC (од 15.12.2022), со кои ги обврза договорните страни на Енергетската Заедница, меѓу кои и РСМ, да го транспонираат во своите национални законодавства Пакетот на Европската Унија за чиста енергија, прилагоден со горенаведените одлуки на Министерскиот совет, најдоцна до 31.12.2023 година.

Исто така, досегашната примена на важечкиот Закон за енергетска ефикасност укажа дека одредени законски решенија треба да се променат за да одговорат на новите потреби и развојни трендови во глобалниот и домашниот енергетски сектор.

Имено, иако постоечкото законодавство нуди можност за развој на пазарот на договори за енергетски услуги, ова решение го применуваат единствено општините во постапките за јавно приватно партнерство при набавка на светилки за улично осветлување. Уредбата за моделите на договорите за енергетски услуги кои се користат при договарањето на енергетски услуги не е донесена, и истата треба да придонесе за понатамошен развој на пазарот на енергетските услуги кај централната власт, како и на општинско ниво.

Исто така, усвојувањето и спроведувањето на Програмите за енергетска ефикасност и Годишните планови за спроведување на програмите за енергетска ефикасност на единиците на локалната самоуправа не е на задоволително ниво, со оглед на малиот број на општини кои ги изработуваат истите.

Понатаму, Уредбата за утврдување на целите и придонесите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, а која претставува обврска според Директивата 2018/2002 не е усвоена иако нејзиното донесување и одредување на целите треба да биде усогласено со севкупните цели и придонеси за енергетска ефикасност утврдени од страна на Енергетската заедница.

Конечно, преку овој Закон за изменување и дополнување на Законот енергетска ефикасност (Нацрт Закон) се врши усогласување и со Директивата 2009/33 за промоција на чисти и енергетски ефикасни возила за патен транспорт, имајќи ја предвид важноста на транспортниот сектор во придонесувањето кон еколошките, климатските и енергетските политики на РСМ.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Причините за изработката на Нацрт законот произлегуваат од потребата да се постигнат целите и придонесите за енергетската ефикасност во РСМ преку олеснувањето и забрзувањето на имплементацијата на решенијата предвидени со Законот за енергетска ефикаснот и подобрување на некои од нив во согласнот со ЕУ законодавството.

Досегашната имплементација на Законот за енергетска ефикасност даде ограничени резултати со оглед на некомплетирањето на подзаконската регулатива чие донесување произлезе од него. Имено, неколку клучни подзаконски акти не се донесени, со што се отежна развојот на пазарот на енергетската ефикасност и соодветната имплементација на политиките во оваа област. Во меѓувреме, Министерскиот совет на Енергетската Заедница преку Одлуката бр. 2021/14/MC-EnC (од 30.11.2021 година) и Одлуката бр. 2022/02/MC-EnC (од 15.12.2022), ги обврза договорните страни на Енергетската заедница, меѓу кои и РСМ, да го транспонираат во своите национални законодавства Пакетот на Европската Унија за чиста енергија, прилагоден со горенаведените одлуки на Министерскиот совет, најдоцна до 31.12.2023 година. Со оглед на некои нови решенија од областа на енергетската ефикасност кои произлегуваат од Директивата 2018/2002/EU и Регулативата 2018/1999/EU, потребно е дополнително усогласување со одредбите на овие правни акти на ЕУ, кои исто така имаат ефект и на подзаконското законодавство кое треба да биде донесено согласно Законот за енергетска ефикасност.

## 2. Цели на предлог регулативата

Предложеното законодавно решение беше избрано за да одговара на контекстот и условите во РСМ, по екстензивни консултации со засегнатите страни и анализи за време на

подготовката на Националниот План за енергија и клима и овој Нацрт закон. За да се воспостават услови за имплементацијата на препорачаните мерки во Националниот План за енергија и клима, потребно е да се оформи потребното законодавството со истовремено транспонирање на директивите. Проценката на влијанието на регулативата се осврнува на природата и содржината на транспонирањето со директивите со цел да се обезбедат потребните информации врз чијашто основа ќе може да се донесе соодветна одлука во врска со натамошниот развој на политиките поврзани со енергетска ефикасност во РСМ, како и да се процени социо-економското влијание од донесувањето на овој закон.

Оттука, целите на Нацрт законот се однесуваат на сообразност со обврските кои РСМ ги презела во рамки на законодавството на Енергетската заедница на начин кој е конзистентен со националната енергетска политика. Конкретно, Нацрт аконот ги има истите цели како и Законот за енергетска ефикасност:

- да ги отстрани регулаторните и нерегулаторните бариери што го попречуваат спроведувањето на мерки за енергетска ефикасност и проекти за енергетска ефикасност;
- да ја зајакне соработката меѓу потрошувачите, производителите, снабдувачите на енергија, обезбедувачите на енергетски услуги, централните и локалните власти, во насока на постигнување на целите и таргетите во полето на енергетска ефикасност;
- да промовира користење на високоефикасни технологии, системи за управување со енергијата и системи за мониторинг на енергетските заштеди;
- да го зголеми користењето на енергија од обновливи извори од страна на крајните корисници;
- да овозможи користење на финансиски механизми и поттици за спроведување на мерки за енергетска ефикасност; и
- да го развие пазарот на енергетски услуги и обезбедување на енергетски услуги.

Соодветно, едни од клучните предуслови за остварување на овие цели е донесувањето на потребната подзаконската регулатива. Се очекува да бидат донесени Уредбата за усвојување на индикативни цели за 2020 и 2030 година, догорочната Стратегија за реновирање на згради, Уредба за обврзувачка шема и/или примена на алтернативните мерки, Уредбата уредување на Договорите за енергетски услуги, Правилникот за енергетски карактеристики на згради, Одделни правилници за енергетски контроли за индустрија (комерцијален сектор) и згради, и други акти подетално уредени со законот.

## 3. Можни решенија (опции)

Нацрт Законот има за цел да обезбеди овозможувачка рамка за воведување и имплементација на политиките предложени во рамките на Националниот План за енергија и клима. Тој пропишува нови обврски за државните органи и за учесниците на пазарот, ги идентификува органите кои ќе бидат одговорни за имплементација на обврските, ги допрецизира надлежностите на органите за администрирање и гарантирање на примената на законот, и го опишуваа потребното секундарно законодавство кои мора да се подготви за успешно спроведување на законот.

Аналогно на горенаведеното, Владата на РСМ има на располагање две опции:

- да не прави ништо; или
- да предложи измени и дополнувања на Законот за енергетска ефикасност со што ќе обезбеди целосна сообразност со барањата од законодавството на Енергетската заедница во однос на енергетската ефикасност.

Непреземањето никаква акција би било неконзистентно со потпишувањето на Договорот за Енергетската заедница од страна на РСМ. Во случај да смета дека постои сериозно

прекршување, Советот на министри располага со различни правни механизми, вклучително и суспензија и исклучување.

Затоа, постигнувањето на усогласеност се смета за пожелно. Сепак, Директивите 2018/2002/EU и 2009/33/EU, онака како што се транспонирани за договорните страни на Енергетската заедница, исто како и сите други директиви, подлежат на принципот на супсидијарност и обезбедуваат доволно простор за прилагодување на националните конкретни цели и контекстот во земјата, и истовремено осигуруваат сообразност. Всушност, Директивата остава доволно простор за избор на национални решенија и политики кои имаат за цел да се остварат стратешките одредници на директивите, како и методот за спроведување. Иако деталниот избор и дизајнот на конкретните политики што се прави преку предлог-законот ќе треба да биде подетално дефиниран со секундарното законодавство, одредени аспекти може да наложат нивно дефинирање во рамки на овој закон. Од друга страна, усогласувањето со Регулативата 2018/1999/EU за управување со енергетската унија и климатска акција, која исто така претставува дел од Пакетот за чиста енергија е нужно од аспект на обезбедување на интегрален и сеопфатен пристап за исполнување на целите за енергетската ефикасност, како и усогласувањето на законодавството. Оттаму, имплементацијата на членот 53 од Регулативата 2018/1999/EU е нужно заради донесување на новата долгорочна Стратегија за реконструкција на згради, со која треба да се предвидат нејзината содржина, како и мерките и механизмите за нејзината примена, но и заради усогласување со постоешкиот Закон за енергетика и одредбите кои се однесуваат за изработка на Националниот План за енергија и клима. Во него, енергетската ефикасност е целосно интегрирана како една од петте димензии кои ги разработува овој план и следствено, престанува обврската за изработка на Национален акциски план за енергетска ефикасност, согласно Законот за енергетска ефикасност.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

### 4.1. Економски влијанија

Нацрт законот се очекува да има позитивни економски влијанија за приватниот сектор, со оглед на мерките кои го олеснуваат и забрзуваат развојот на пазарот за енергетски услуги. Имено, во Нацрт законот е содржано решение (кое треба да биде во целост доуредено со Уредбата моделите на договорите за енергетски услуги кои се користат при договарањето на енергетски услуги), преку овозможувањето на двата типа на договори при договорањето на енергетски услуги од страна на енергетските компании, со флексибилност за соодветно адресирање на финансиските и оперативните ризици во исполнувањето на овие договори.

### 4.2. Социјални влијанија

Нема.

### 4.3. Влијанија на животната средина

Заштитата на животната средина е генерален принцип во *Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година,* при што се идентификува потребата за енергетска ефикасност и „квалитетно законодавство“ во поддршка на истата. Заштитата на животната средина е поддржана со намалување на штетните емисии од производството и потрошувачката на енергија, што се олеснува преку активности за енергетска ефикасност. Оттаму, Нацрт законот и решенијата содржани во него несомнено ќе ја поддржат оваа цел и пзитивно ќе влијаат на исполнувањето на целите и придонесите за енергетска ефикасност на РСМ и намалувањето на енергетската интензивност.

### 4.4. Административни влијанија и трошоци

а) трошоци за спроведување

Иако самиот Нацрт закон не наметнува дополнителни трошоци за спроведување, направените анализи покажаа дека заради спроведување на решенијата содржани во Нацрт законот, ќе биде потребно зајакнување на капацитетите на Министерството за економија и Агенцијата за енергетика, како што е опишано во Поглавјето 8.

б) трошоци за почитување на регулативата

Нема.

## 5. Консултации

За целите на подготовка на Законот ќе биде организирана јавна расправа во Скопје, во просториите на Министерството за економија на (29.09.2023) на која ќе бидат поканети клучните чинители од јавниот сектор, но и од приватниот и невладиниот сектор. Паралелно, на 02.10. 2023 година мислења се побарани од страна на следниве институции:
-Кабинет на Заменик на претстдателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и координација на економските ресори;
-Секретаријат за европски прашања;
-Министерство за финансии,;
-Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за правда;
-Министерство за информатичко општество и администрација;
-Секретаријат за законодавство;
- Министерството за транспорт и врски;
- Министерството за локална самоуправа;
-Агенцијата за енергетика;
- Регулаторната комисија за енергетика;
- Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија;
- ЗЕЛС;
-Стопанска Комора на Македонија;
-Сојуз на стопански комори;
-Стопанска комора на Северо-Западна Македонија;
-Комора на овластени енергетски контролори;
-Меѓународни донаторски и финансиски институции (УСАИД, УНДП, УНИДО, УНОПС, Светска банка, Хабитат, ЕБОР, GIZ ORF).

Со помош на ЕУ Проектот за Поддршка на реформите во енергетиката беше изготвена Анализа на недостатоците (Gap Analysis) заради оцена на степенот на усогласеноста на македонското законодавство со Директивата 2018/2002 и Регулативата 2018/1999 (во однос на нејзиниот член 53) кои беа презентирани на Сектетаријатот на Енергетската заедница.

Дополнително беа одржани состаноци за нацрт текстот на Законот со Агенцијата за енергетика и тимот на УСАИД кој обезбедува техничка помош во изработката на новиот Закон за енергетика, заради координација на активностите и избегнување на преклопување на законските норми.

Добиените писмени мислења ќе бидат разгледани и соодветно вградени во контекст на сите пристигнати мислења кои се очекуваат во текот на јавната консултација и по неа.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Евидентно е дека Република Македонија има застој во спроведувањето на обврските кои се преземени во согласност со Договорот за основање на енергетската заедница на подрачјето на усогласување, решенијата кое се предлагаат треба да придонесат кон поголема усогласеност со обврските кои произлегуваат од членството во Енергетската заедница, исполнување на целите за заштеда на енергија, а со тоа и намалена побарувачка на енергија и намалено загадување на животната средина. Оценката на влијанието не покажа негативни влијанија кои произлегуваат од опцијата: **да предложи измени и дополнувања на Законот за енергетска ефикасност со што ќе обезбеди целосна сообразност со барањата од законодавството на Енергетската заедница во однос на енергетската ефикасност.** Напротив, со оглед на веќе одредената насока на политиките во областа на енергетската ефикасност спроведени со Законот за Енергетска ефикасност, Националниот План за енергија и клима и Стратегијата за развој на енергетиката, со предложената опција се зацврснува и олеснува спроведувањето на веќе зацртаните политики во областа на енергетиката и енергетската ефикасност. Од другата страна, позитивните влијанија се многукратни и ги вклучуваат: поголемата усогласеност со обврските кои произлегуваат од членството во Енергетската заедница, забрзан развој на пазарот на електрична енергија, исполнување на целите за заштеда на енергија, а со тоа и намалена побарувачка на енергија и намалено загадување на животната средина.

Опцијата „да не се прави ништо“ од друга страна носи, потенцијално, единствено негативни влијанија опишани во Поглавјето 3, и пропратени со продолжена зависност од увоз на енергијата, нагласена енергетска интензивност во РСМ, како и зголемено загадување на животната средина, елементи кои се наведени и во Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година.

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Законот и целите кои треба да се постигнат со неговата имплементација бараат зајакнат административен капацитет кој треба да одговори на обврските кои ќе произлезат од неговото усвојување и донесувањето на подзаконската регулатива потребна за имплементација на законот, а воедно и за нивната имплементација.

6.3 Препорачано решение со образложение

- Во Нацрт законот се внесува начелото „енергетската ефикасност прва“, утврдена со Директивата 2018/2002, со што за остварувањето на целите на законот, при енергетското планирање како и при носењето на одлуки за соодветните политики и инвестиции, приоритет ќе биде даден на алтернативните исплатливи мерки во енергетската ефикасност, со цел побарувачката на енергија и снабдувањето со енергија да се направат поефикасни, особено преку трошковно-ефективни заштеди на енергијата за крајна употреба, поефикасна конверзија, пренос и дистрибуција на енергијата и иницијативи за одговор на побарувачката на енергија.
- Во Нацрт законот е внесена обврска за реконструирање на најмалку 3% од вкупната површината на зградите (со корисна подна површина од најмалку 250 м2) на годишно ниво, кои ги користат и се во сопственост на органите на централната власт (Член 5 од ДЕЕ). За да се овозможи исполнувањето на оваа обврска Министерството во соработка со Службата за општи и заеднички работи и другите министерства подготвува список (инвентар) на зградите кои се користат од страна на органите на државно ниво.
- Предвидено е да се подготви долгорочна Стратегија за реконструкција на станбени, јавни и комерцијални згради до 2050 година, со цел трансформација на постоечките згради во високо енергетски-ефикасни и декарбонизирани згради со речиси нулта потрошувачка на енергија, со

што би се обезбедило ефикасно, економски оправдано смалување на потрошувачката на енергија, со примена на мерки за енергетска ефикасност и истовремено смалување на загадувањето на околината.
- Со Нацрт законот се доуредува обврската да се донесе уредба со кои ќе се определат севкупните цели и придонеси за енергетска ефикасност, при чие одредување задолжително ќе бидат земени предвид севкупните цели и придонеси за енергетска ефикасност утврдени од страна на Енергетската заедница.
- Со Нацрт законот се допрецизираат одредбите поврзани со донесувањето на Правилникот за Програмите за енергетската ефикасност на единиците на локалната самоуправа, во смисла на олеснување на нивната изработка, а имајќи ги предвид ограничените капацитети во некои општини и незадоволителниот број на досега изработени Програми за енергетска ефикасност од страна на општините. Се предвидува овие програми самостојно да ги изработуваат општините со повеќе од 15.000 жители, додека помалите општини ќе ги изработуваат преку склучување договори за меѓуопштинска соработка со најголемата единица на локална самоуправа во соодветниот плански регион врз основа на Законот за меѓуопштинска соработка (со оглед на развиените капитети и искуството во изработката на овие плански акти од страна на поголемите општини).
- Се врши доуредување на обврската за донесување на Уредба за  за моделите на договорите за енергетски услуги кои се користат при договарањето на енергетски услуги, одредби кои ќе овозможат побрз развој на пазарот на енергетски услуги во РСМ, преку предвидувањето и изработувањето на 2 модел-договори за енергетски услуги кои се користат при договарањето на енергетски услуги (договор за енергетски услуги за загарантирани заштеди и договор за заеднички финансиски заштеди).
- Со Нацрт закнот се врши усогласување со ЕУ законодавството (Директивата 2009/33/EU за промоција на чисти и енергетски ефикасни возила за патен транспорт) во делот на набавката на возила за патен транспорт, од страна на јавниот сектор на државно ниво, чијашто вредност е повисока од 70.000 евра во денарска противвредност.
- Се вршат помали усогласувања на Законот за енергетска ефикасност заради олеснето донесување на Правилникот за енергетска контрола, Правилникот за енергетски карактеристики на зградите и Програмата за обука и полагање испити за енергетските контролори.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Не.

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Со законот не се предвидува донесување на дополнителни подзаконски акти, освен оние чие донесување е предвидено со Законот за енергетска ефикасност, а кои досега заради објективни причини не биле донесени. Во меѓувреме, со оглед на усвојувањето на Пакетот за чиста енергија од страна на Министерскиот Совет на Енергетската Заедница, и согледувањата направени од страна на Министерството во однос на отежнатата примена на одредени одредби на Законот за енергетска ефикасност и некои од неговите подзаконски акти (кои треба да бидат донесени согласно Законот), со овој нацрт Закон се предлага изменување на одредбите кои се однесуваат на законскиот основ на донесувањето на Уредбата за моделите на договорите за енергетски услуги кои се користат при договарањето на енергетски услуги, Уредбата за утврдување на целите и придонесите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија и Правилникот за Програмите за енергетската ефикасност на единиците на локалната самоуправа, токму заради адресирање на транспозицијата на Пакетот

за чиста енергија и олеснувањето на примената на одредбите од Законот за енергетска ефикаснос и подзаконските акти. За да се забрза имплементацијата на овие решенија, изработката на горенаведните подзаконски акти изработка се одвива паралелно со изработката на овој закон и истите ќе бидат донесени од страна на Владата односно министерот за економија веднаш по усвојувањето на овој закон.

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

- Влада на Република Македонија
- Министерство за економија
- Регулаторна Комисија за енергетика
- Комисија за заштита на конкуренцијата на Република Македонија, и
- Агенција за енергетика на Република Македонија.

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

За одделни решенија во законот е обезбедена техничка помош за имплементација на новиот Закон за енергетска ефикасност за изработка на подзаконските акти кои произлегуваат од законот, од страна на донатори (Проектот на ЕУ за поддршка на реформите во енергетиката, како и УСАИД, ЕБОР, Светската банка и УНОПС).

## 8. Следење и евалуација

Севкупната одговорност за спроведување и примена на Законот изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност е доделена на министерството одговорно за енергетика (Министерството за економија). Од министерството одговорно за енергетика се очекува:

8.1 да ја предводи изработката на **долгорочната Стратегија за реновирање на зградите**, во соработка со другите институции;

8.2 да ја изработи **предлог Уредбата за моделите на договорите за енергетски услуги кои се користат при договарањето на енергетски услуги** и **Предлог Уредбата за утврдување на целите и придонесите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија** и да ги предложи истите до Владата на РСМ заради нивно усвојување;

8.3 да го изработи **и донесе Предлог правилникот за Програмите за енергетската ефикасност на единиците на локалната самоуправа;**

8.4 да ја известува Енергетска Заедница за избраните мерки и постигнатите цели. Агенцијата за енергетика го поддржува министерството одговорно за енергетика во спроведувањето на неговите надлежности. Агенцијата е одговорна за:

8.5 издавање овластувања на правни субјекти кои обучуваат енергетски контролори и подготвување на програмите за обука;

8.6 поддршка на локалните самоуправи во подготовката на нивните програми за енергетска ефикасност.

Согласно зголемените надлежности на Министерството за економија и на Агенцијата за енергетика, а кои произлегуваат од имплементацијата на Пакетот за чиста енергија, потребно е зајакнување на Секторот за енергетика при Министерство, а воедно и на Агенцијата за енергетика.

Со помош на ЕУ Проектот за Поддршка на реформите во енергетиката беше изготвен Извештај за зајакнување на администратвните капацитети на Министерството за економија и Агенцијата за енергетика за имплементација и спроведување на националното законодавство и акциските планови во областа на ЕЕ и ОИЕ, која ги зеде предвид постоечките капацитети на двете

институции во светло на обврските кои произлегуваат од важечкото законодавство во областите, претстоечкото кое е во фаза на донесување/усвојување, но и очекуваните обврски кои се очекува да произлезат, а во врска со членството на РСМ во Енергетската заедница И ВО Европската унија.Анализата се однесува на надлежностите на целиот Сектор за енергетика.
Имајќи ја предвид преоптеретеноста на административните капацитети во двете институции и недоволниот број на стручно-технички лица (инженери пред се), предвидено е вработување на 10 лица, од кои 5 во Министерството и 5 во Агенцијата. Предвидено е вработување на 8 инженери (по 4 во секоја од институциите) меѓу кои електро, машински, ИКТ и хемиски инженери и по еден архитект во секоја од институциите, на позиции Помлад соработник, Соработник и Советник.
Во одделението за енергетска ефикасност е предвидено едно ново вработување на советник за згради – инженер архитект и еден помллад соработник, а воедно е планирано и убапредување на постојните вработенивработување на

Од аспект на фискални импликации за плати за овие 2 нововработени позиции треба да се обезбедат вкупно бруто 1.040.000,00 денари на годишно ниво и 260.000,00 денари за унапредување на двајца постојни вработени.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум: XX.XX.2023 година**

**Размена Чекиќ Дуровиќ**
**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**
**Датум:____________**

**потпис на министерот**